ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

Бр / Nr. 02 - 1177 / 1
16 . 08 . 2023 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

ЈП Депонија Дрисла Скопје

Врз основа на член 38 став 1 точка 18 од Статутот, член 77 став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19) и Годишниот план за јавни набавки бр.02-331/10 од 14.03.2023 година, Директорот на ЈП Депонија ДРИСЛА Скопје ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за спроведување на јавна набавка на посебни услуги**

1. Согласно ГПЈН за 2023 година, се утврдува неопходна потреба од јавна набавка на посебни услуги со предмет: **Хотелски и угостителски услуги.**

2. Вкупната проценета вредност на набавката од точка 1 на оваа одлука изнесува **400.000,00 денари** без ДДВ, односно 472.000,00 денари со вклучен ДДВ, а плаќањето да се изврши од сопствени средства за 2023 и 2024 година.

3. Со оваа одлука се предвидува спроведување на јавна набавка на посебни услуги со предмет **Хотелски и угостителски услуги** за потребите на ЈП депонија Дрисла Скопје и ќе се реализира согласно член 121 став 3 од Законот за јавни набавки.
При вршење на оваа набавка на посебни услуги со предмет Хотелски и угостителски услуги, Договорниот орган со цел да го почитува начелото на транспарентност, оваа Одлука ќе ја објави на својата web страна.

4. Поради специфичноста на предметот на набавката, се утврдуваат следните правила при реализација на набавката, имајќи ја предвид вредноста на секоја поединечна услуга:
- Хотелската и угостителска услуга со вредност до 400.000,00 денари без ДДВ ќе се спроведе врз основа на доставено барање до економски оператор кој во тој момент ќе биде во можност да ја исполни најсоодветно бараната услуга согласно потребите (локација, расположливост, капацитет и вид на ресторански услуги), со доставување на фактура за извршените услуги.
- Доколку вредноста на Хотелските и ресторанските услуги е над 400.000,00 денари без ДДВ, а се работи за организирање на поголеми настани (конференции, семинари, саеми, прослави и сл.), ќе се спроведе постапка согласно член 121 став 2 од Законот за јавни набавки.

5. Критериум за избор на најповолна понуда е економски најповолна понуда врз основа на **цената**, при што може да се одлучи да се користат услуги со доставување на барање до само еден економски оператор доколку во даден момент е тоа неопходно согласно точка 4 од оваа Одлука.

6. За спроведување на постапката за јавна набавка од точка 3 на оваа одлука се формира Комисија за јавна набавка во состав:

- Претседател: Марјан Гочевски
- Член: Бесник Шакири
- Член: Светлана Стојаноска

- Зам. Претседател: Игор Георгиевски
- Зам. член: Аце Петров
- Зам. член: Дијана Вељаноска Живановиќ

7. Комисијата се задолжува да ја спроведе постапката за избор на најповолен понудувач.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на посебни услуги со предмет: **Хотелски и угостителски услуги,** произлегува од Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, поради потребата за организирање и/или присуство на состаноци, семинари, конференции, саеми, прослави и други настани на територијата на Р.С.Македонија.
Со оглед дека станува збор за специфични услуги кои во Република Северна Македонија се нудат од голем број економски оператори, од една страна и фактот дека не може однапред да се предвидат потребите за учество од одреден состанок, семинар, конференција, саем, прослава и друг настан, од друга страна ЈП депонија Дрисла Скопје одлучи да спроведе постапка согласно член 121 став 3 од Законот за јавни набавки, со објава на Одлука за јавна набавка на посебни услуги на својата web страна. Со објавената Одлука ќе се повикаат сите заинтересирани економски опратори да доставуваат покани до договорниот орган за користење на нивните Хотелски и угостителски услуги.

ЈП депонија Дрисла Скопје ќе ги информира економските оператори само доколку се одлучи за користење на нивните услуги односно нема обврска да го информира економскиот оператор доколку одлучи дека нема потреба од користење на услугите од тој економски оператор.

Со тоа се запазува начелото на транспарентност на постапката, но и начелото на конкуренција и сите останати начела предвидени во член 121 став 3 од Законот за јавни набавки.

**ЈП депонија Дрисла Скопје**
**Директор**

**Александар Кузинаков**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**- Комисијата;**
**- Одделение за финансии;**
**- Одделение за јавни набавки;**